**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 08.07.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2022 година.
3. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на АЛТРА - САТ 2000 Охрид ДООЕЛ, за прекршување на член 143 став 2 од ЗААВМУ, со предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена повреда.
5. Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање.
6. Предлог за одобрување на финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија".

7. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка на стоки – фрижидер за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид. Објасни дека по донесување на одлуката за одземање на дозволата, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот треба да донесе Решение за бришење од регистарот. Наведе дека оваа точка е од формален карактер, претставник од страна на радиодифузерот не е присутен и има основа за донесување на предложеното решение за бришење од регистарот на радиодифузерот кој веќе не постои.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е процедура предвидена во ЗААВМУ, но иако формална Советот ја спроведува.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на АЛТРА-САТ 2000 Охрид ДООЕЛ, за прекршување на член 143 став 2 од ЗААВМУ, со

предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена повреда. Објасни дека при надзор кај овој оператор констатирано е дека реемитува странски канали без да ги има регулирано авторските права, односно нема договори за поседување на авторски права за да ги реемитува овие канали. Истовремено, Агенцијата беше известена од имателот на правата дека овој оператор нема валиден договор за да ги реемитува каналите и затоа освен изрекувањето на мерка јавна опомена и наложувањето веднаш да престане со реемитување на каналите треба да се донесе и Информација со која ќе се извести надлежниот државен орган МВР за активностите кои ги прави овој оператор бидејќи станува збор за кривично дело.

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите се доставени сите докази, преписки, предлогот за изрекување мерка јавна опомена и исто така Предлог-информацијата до МВР.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.11-2724/1 од 06.07.2022 година и едногласно заклучи на операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 143 став 2 од ЗААВМУ и му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Discovery“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“, за кои нема регулирани авторски права согласно Законот за авторското право и сродните права.

Советот на Агенцијата заклучи до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да достави Информацијата за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, со текст како што беше предложена информацијата.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање. Објасни дека измената на овој Правилник е повеќе од формален карактер односно усогласување со измена на два Закони и уставните измени. Со измените на ЗААВМУ издавањето на легитимации сега е веќе во надлежност на Советот а не на директорот. Со уставните измени треба секаде во правилникот каде што се сретнува зборот „Република Македонија“ да се замени со зборовите „Република Северна Македонија“ и усогласување со Законот за употреба на јазиците односно службената легитимација која ќе ја користат овластените лица да биде издадена двојазично.

Г-дин Ајдини рече дека има забелешки во однос на преводот на албански јазик на службената легитимација. Имено во Прилог 2 од доставените материјали по точката има правописни грешки и при тоа наброја неколку од нив. Исто така во делот каде што е наведено „место за фотографија“ предложи истото да се преведе и на албански јазик.

Г-дин Трајчевски праша што се предлага, дали да се одложи точката за следната седница?

Г-дин Петрушевски рече дека подобро е да се одложи, за да се провери поубаво затоа што многу забелешки кажал г-дин Ајдини и предложи службата во врска со преводот да се консултира со г-дин Ајдини. Наведе дека има две опции, или да се одложи точката за пред почетокот на следната седница или да се повлече и да се стави на дневен ред на следната седница.

Г-дин Трајчевски предложи да се одложи за пред почеток на следната седница всушност како продолжение на 26-та седница.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде една сугестија во контекст на она што го кажал г-дин Ајдини. Со оглед дека за оваа материја поминало доста време за усогласувањето со законите, тој е за тоа да биде прецизно направено, не мора да се брза за да нема повеќе технички грешки.

Г-дин Петрушевски рече дека во тој случај точката ќе се одложи без да се прецизира кога ќе биде доставена на седница, без обврска да се стави пред почетокот на следната седница.

Г-дин Трајчевски рече дека следната недела ќе има седница и дека службата ќе стигне да ги направи корекциите.

Г-дин Ајдини рече дека сака да контактира со преведувачот и точно да му објасни каде се направени грешките во преводот.

Г-дин Петрушевски ја одложи точката за пред почетокот на следната седница бидејќи има доволно време за да се коригира.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за финансиски средства во износ од 44.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%, за обновување на 4 (четири)

кориснички пристапи на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", за период од 12 (дванаесет) месеци.

Износот на средствата за пристап на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија", е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување одлука за набавка на стоки – фрижидер за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Агенцијата има еден поголем фрижидер кој има и комора за замрзнување и го користи повеќе од 7 години. Но истиот сега е расипан, истечен му е фреонот а поправката е скапа. Затоа се предлага да се набави нов таков фрижидер за да не се даваат средства за поправка.

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите се доставени и три понуди од кои се предлага директорот да ја одбере најевтината понуда.

Г-дин Трајчев рече на страна 33 од материјалите, тамо каде што е даден предлогот има принципиелна забелешка. Во делот на предлогот ставена е и понудата која е избрана, но се договориле како што е по Закон, дека Советот на гласа за изборот туку само утврдува потреба а понатаму изборот е работа на Агенцијата. Ако се погледне материјалот на страна 33 од вкупниот материјал во предлогот стои конкретно фирмата односно добавувачот од кој се предлага да се набави фрижидерот. Предложи тоа да се коригира за да Советот го усвои на начин како што секогаш и го усвојувале.

Г-дин Петрушевски рече дека на самата одлука за избор е потпишан директорот, не ја носи Советот. Наведе дека во Заклучокот не треба да стои добавувачот, туку дека Советот дава одобрение за потреба. Советот се согласи со овој предлог.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на стоки – фрижидер за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со вредност под праговите за примена на Законот за јавни набавки, во износ кој нема да надмине 30.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали. Објасни дека оваа набавка се спроведува секоја година и за реализирање на набавката претходно се исполнети сите законски претпоставки за да може да се спроведе. Оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со оглед на средствата кои се предвидени. Сите потребни податоци се содржани во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Канцелариски материјали е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата. Објасни дека оваа набавка се спроведува секоја година и за реализирање на набавката претходно се исполнети сите законски претпоставки за да може да се спроведе. Оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со оглед на средствата кои се предвидени. Договорот кој ќе произлезе ќе се склучи за временски период од 2 години. Сите потребни податоци се содржани во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2023-та година.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2732/9

19.07 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**